# Проектна задача

## за подготовка на идејно архитектонско решение за реконструкција, проширување и урбан дизајн на постоечкиот плоштад во Кичево

**Локација:** Општина  Кичево

**Име на проектот:** Идејно архитектонско решение за реконструкција, проширување и урбан дизајн на постоечкиот плоштад во Кичево

**Предмет на задачата:** Предмет на оваа задача е изработка на идејно архитектонско решение за реконструкција, проширување и урбан дизајн на постоечкиот плоштад во Кичево

**Граница на опфатот:** Проектниот опфат кој е предмет на оваа проектна задача е дефиниран во рамките на:

- постојниот градски плоштад (дел од КП бр.4378/1 КО Кичево 6) и дел од ул. „Маршал Тито“, (дел од КП бр 4361 КО Кичево 6 и дел од КП бр 4361/8 КО Кичево 8 до пресекот со ул„.11 Октомври“ ),
- дел од улица „Кузман Јосифоски Питу“ (КП 2192 и КП бр 2104 КО Кичево 6 во делот од пресекот со ул.“Санде Штерјоски“ до пресекот со ул.„11 Октомври“) и
- дел од Бул.„Ослободување ( дел од КП бр.4378/1 КО Кичево 6 во делот од пресекот со ул.„Тане Цалески“до пресекот со ул. „ Кузман Јосифоски Питу “)
( Види графички прилози во прилог ).

## Вовед:

Општина Кичево се наоѓа во западниот дел на Република С. Македонија и зафаќа површина од 838 км$^2$. Градот Кичево, како урбан центар на општината го зазема централниот дел на Кичевската Котлина, која пак, е обликувана природна целина, од сите страни опколена со високи планини. Границите на општината на северната страна допираат до превојот Стража, на западната страна наоѓаат во подножјето на планината Бистра, на јужната страна се водат по долината на реката Треска до подножјето на Илинска планина, а на источната страна

допираат до северниот дел на Порече. Седиштето на Општина Кичево е во градот Кичево. Кичево како град, низ вековите од мала трговска населба, прераснал во урбан, аминистративен и културен центар на општината.

Во градот Кичево, во централното градско подрачје се наоѓа  Кичевската чаршија која се карактеризира со разновидна и богата историја, традиција, култура и архитектура. Кичевската чаршија денес прави спој меѓу старото и новото, стопанството и трговијата, културата и традиција. Во духот на историските временски и развојни прилики, културата на организација и традиција на живеење, во Кичевската чаршија се сочувани бројни функционални објекти од минатото, а изградени се и нови објекти како одлика на модерното време.

Едно од главните обележја на современо Кичево и неизоставен сегмент од секојдневното функционирање на градот е и градскиот плоштад. Градскиот плоштад во Кичево претставува спој на минатото и сегашноста. До него или во негова непосредна близина се наоѓаат важни управно-административни, културни, трговски, банкарски, угостителско-туристички и други објекти. На самиот плоштад се наоѓаат објектот на Музеј „Западна Македонија во НОБ“. Зградата, во која денес се наоѓа музејот, изградена е во 1892 година. Во нејзина непосредна близина е објектот во кој е сместена НУЦК „Кочо Рацин“ – Кичево. Објектот е пуштен во употреба на 11 октомври 1980 година и во него повеќе од 40 години се негува културното наследство, драмската уметност, музиката, фолклорот, ликовната култура, резбата, керамиката, вајарството, визуелната уметност. На западната страна, постоечкиот Градски плоштад е поврзан со Булеварот „Ослободување“ кој претставува една од главните сообраќајни артерии на градот, а на источната страна е директно поврзан со влезот на „Китино Кале“.

Моменталната состојба на плоштадот во градот Кичево ги задоволува потребите на граѓаните, но има многу голем потенцијал кој не е искористен. Постоечката состојба на плоштадот е дефинирана со реконструкцијата од 2021/22 година, но тој не заживеал на очекуваниот начин. Просторот останал во одредена мера издвоен со фрекфентен сообраќај кој го отежнува пристапот за пешаците. Главниот потенцијал на овој простор е во неговата централна позиција, во градското јадро, кое има исклучително идентитетско, културно, социјално и економско значење за Кичево. Значајна е можноста за поврзување со блиските отворени јавни простори во единствен систем на пешачка зона, со голем потенцијал за разни содржини и функции прилагодени на современиот начин на живот. Затоа со минимални корекции плоштадот може да стане поквалитетен простор со многу подобра атмосфера.

## Цели и опсег на работа на проектната задача:

Главната цел на ангажманот е да се изготви соодветно идејно архитектонско решение за реконструкција, проширување и урбан дизајн на постоечкиот плоштад во Кичево како

основа за изработка на урбанистичка планска / проектна документација во согласност со важечките плански прописи во Општина Кичево (во рамките на важечкиот ГУП како и со Деталните урбанистички планови за градот Кичево) во предвидениот проектен опфат и во согласност со националните прописи.

Во процесот на постојана урбанизација, отворените јавни простори претставуваат важен дел од прогресијата што треба да ги охрабри граѓаните да комуницираат социјално и активно да учествуваат во општествениот живот.

Со идејното архитектонско решение за реконструкција, проширување и урбан дизајн на постоечкиот плоштад во Кичево се очекува да се предложи концепт и визија која ќе ги вклопи контекстуалните вредности на потесниот и поширокиот простор, потоа со реконструкцијата и проширувањето да се даде нов просторен капацитет кој ќе задира во предлогот за пренамена и пренасочување на сообраќајниците во пешачки зони, додека со урбаниот дизајн се очекува да му се даде одржливост на просторот, инклузивност односно пристапност за сите категории на граѓани, како и подигнување на квалитетот на просторот во поглед на висока хуманизација.

Затоа, се очекува предложеното идејно архитектонско решение за реконструкција, проширување и урбан дизајн на постоечкиот плоштад во Кичево, покрај постигнувањето високи амбиентални вредности и привлечност на дизајнот, да обезбеди можности за активно користење на просторот со различни начини на користење што ги поддржуваат и подобруваат социјалните контакти. Изработеното идејно архитектонско решение за реконструкција, проширување и урбан дизајн на постоечкиот плоштад во Кичево, се очекува да предложи дизајн во согласност со потребите на граѓаните и посетителите на градот Кичево на начин кој е препознатлив, уникатен и во согласност со големото значење на плоштадот за овој град. Целта е да се постигне квалитетно решение кое, колку што е можно повеќе, ќе го направи просторот подостапен за пешаците и попривлечен за различни типови корисници.

Идејното архитектонско решение за реконструкција, проширување и урбан дизајн на постоечкиот плоштад во Кичево подразбира трансформација на централното градско јадро во современ простор за јавни и културни настани, секојдневна употреба и дружба, со кое ќе создадеме модерно и функционално просторно решение. Имајќи во предвид дека станува збор за главен градски плоштад, се очекуваат решенија кои овој простор ќе го третираат на единствен и препознатлив начин, а во согласност со потребите на граѓаните и посетителите. Со оглед дека ревитализацијата на градот е една од примарните задачи на Општина Кичево, реконструкцијата, уредувањето и проширувањетосо нова пешачка зона на Градскиот плоштад ќе подразбира изместување на автомобилскиот сообраќај и давање предност на пешаците во рамките на целиот опфат на плоштадот.

Очекуваните цели од ова идејно архитектонско решение се состојат во:

1. **Просторна и функционална реорганизација**

- **Хуманизација на просторот:** Примарна цел е пренасочување на приоритетот од моторниот сообраќај кон пешакот, создавајќи безбедна и континуирана пешачка зона.
- **Проширување на корисната површина:** Максимизирање на јавниот простор преку рекултивација на делови од коловозот и нивно интегрирање во единствената целина на плоштадот.
- **Подобрување на пристапноста:** Обезбедување на непречен пристап за сите групи граѓани (лица со попреченост, родители со колички, постари лица) преку елиминирање на архитектонските бариери.

2. **Сообраќајно решение и безбедност**

- **Оптимизација на тековите:** Воведување нов режим кој ќе го растовари централното јадро, а истовремено ќе овозможи контролиран пристап за достава и итни служби.
- **Смирување на сообраќајот:** Користење на архитектонски елементи (нивелација, текстура на материјали) за природно забавување на возилата во контактните зони.

**3. Урбан дизајн и идентитет**

- **Создавање „Точка на привлекување“.** Дизајнирање на плоштадот како препознатлив симбол на Кичево кој ќе генерира социјална, културна и економска активност.
- **Унификација на урбаната опрема:** Поставување на современ урбан сет (клупи, осветлување, информативни табли) кој е стилски усогласен и функционален.
- **Микроклиматско подобрување:** Зголемување на процентот на зеленило и воведување водени површини за подобрување на амбиентот и намалување на летните температури.

Со уредување на просторот според урбанистичкото и архитектонското решение на овој проект, просторот да се доведува до неговата намена во согласност со рамките на важечките урбанистички планови за градот Кичево. Во согласност со развојните потреби и расположивите просторни ресурси, потребно е да се пронајде најдоброто решение кое ќе дефинира прецизни услови за урбано регулирање и насоки за градба, со цел создавање квалитетен простор во функционална и амбиентална смисла во рамките на опфатот.

**Опсег на работата:** Општиот опсег на работата е да се изготви  идејно архитектонско решение за реконструкција, проширување и урбан дизајн на постоечкиот плоштад во Кичево кој е дефиниран во рамките на проектниот опфат, дефиниран во рамките на оваа проектна задача (Види графички прилози во прилог), во согласност со одредбите пропишани Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/20, 111/23, 73/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25) и Правилникот за урбанистичко планирање(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25 и 241/25).

Идејното и архитектонско решение за реконструкција, партерно и хорикултурно уредување и проширување на постоечкиот градски плоштад и пешачка зона во град Кичево во рамките на предвидениот плански опфат во градот Кичево, треба да послужи како основа за идна изработка на тендерската документација и за издавање на соодветна документација врз основа на одредбите пропишани со Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/2009,124/10, 18/11, 36/11, 49/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14,187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 103/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 244/19, 18/20, 279/20, 96/21, 227/22, 111/23, 224/24, 255/24, 3/25, 17/25 и 87/25) и подзаконските акти што произлегуваат од Законот за градење.
Напоменуваме дека во идејно архитектонско решение за реконструкција, проширување и урбан дизајн на постоечкиот плоштад во Кичево, сите технички фази треба да бидат диференцирани и јасно определени што ќе овозможи нивна парцијална реализација по фази на изведба.

При изработка на идејното решение потребно е да се разработат следните сегменти:

- предлог за пренамена на дел од Бул.„Ослободување“ во должина од околу 150 m, од сообраќајна во пешачка зона со што ќе стане дел од концептот на Градскиот плоштад;
- предлог за изградба на амфитеатар на просторот позади објектот во кој е сместена НУЦК „Кочо Рацин“ – Кичево согласно неговата намена по ДУП (на КП бр. 2175/2);
- предлог за реконструкција и уредување на Градскиот плоштад како функционална целина со претходно споменатите сегменти.

и да се вклопат во една целина, согласно традицијата, потребите и навиките на граѓаните како и интересите на попатните минувачи и туристи

Дизајнот треба да се планира со цел да се постигне висок квалитет и искористување на целиот просторен потенцијал, при што приоритет треба да се даде на практичните и одржливи дизајни. При процесот на дизајнирање, треба да се води сметка за безбедноста и инклузивноста во јавниот простор, што подразбира соодветно осветлување, лоцирање на

паркинг места за велосипеди и дизајн на подни површини со тактилни полиња за подобрена пристапност и притоа посебно да се стави акцент на градби со кои се олеснува движењето на лицата со попреченост.

Решението мора да ги вклучува и елементите на „урбана опрема“ (јавно осветлување, клупи, кутии за зеленило, корпи за отпадоци, патокази, сигнализација, интерактивни табли, привремени објекти итн.). Дизајнот на урбана опрема треба да биде современ и кохезивен. Урбаната опрема треба да обезбеди рационално, иновативно, функционално и динамично користење на јавниот простор, со посебно внимание посветено на неговата трансформација, со цел да се овозможи разновидно организирање на културни и социјални настани.

Да се предложи подобрување на осветлувањето со поставување на нови канделабри и искористување на постоечките, но да се внимава решението да не предизвика поголемо оштетување на постоечките изградени површини.

Во рамките на постоечкиот плоштад да се предвиди дополнување со нови зелени површини, како и поставување на дополнителни елементи на урбана опрема како клупи, корпи за отпадоци, места за велосипеди, наткривања и сл. Во делот на новодефинираната пешачка зона да се задржат постојното високо зеленило - дрвореди и да се надополни со нови зелени површини.

Изборот на материјалите да биде направен што е можно поблизу до постоечките вградени материјали како и истите да се вклопат во околината. Во делот на новопроектираната пешачка зона да се искористи постојната коловозна лента и да се изнивелира со постојната кота на тротоарите. Во новото решение за пешачката зона да се поставaт физички бариери на влезно – излезните позиции. Во оваа зона да се предвиди позиција за движење на наменски возила ( возила на: брза помош, полиција, противпожарна заштита и возила за дотур на стока ), обезбедена со хидраулични подвижни столпчиња на позициите за влез и излез. На позицијата на трасата на движење на наменските возила, предлагаме да се употреби материјал кој ќе биде со јакост за неоштетување и подолга експлоатација. За атмосферските води, предлагаме да се користат отворени каналети, како наједноставно и најекономично решение, и истите да се насочат кон постоечките одводи.

Во рамките на КП бр. 2175/2, во делот позади објектот во кој е сместена НУЦК „Кочо Рацин“ – Кичево да се предвиди иградба на амфитеатар, согласно со намената по ДУП и соодветни содржини за да може овој простор да го оствари својот потенцијал за одржување на различни манифестации, претстави, кино – проекции и сл.

Задолжително да се внимава на економската оправданост на решението. Решението покрај својата функционалност и долготрајна одржливост треба да задоволи и естетски квалитети со вклопување во постоечкиот амбиент и не треба да ја наруши основната намена на овој

простор како собиралиште на луѓе за време на собири, разни културно забавни манифестации, митинзи како и секојдневни средби на грѓаните.

Учесниците на конкурсот се слободни да ја прошират проектната задача во колку имаат несекојдневни и квалитетни идеи и истите да бидат проследени со издржано образложение. Предложеното решение треба да се одликува со уникатност, одржливост и долготрајност на материјалите, високо ниво на иновативност, впечатливост и оригиналност.

Концептуалното решение треба да постигне максимална флексибилност со ослободување на центарот, а во исто време да обезбеди потребна инфраструктура за прилагодување на просторот на различни манифестации.

## Резултати од проектната задача

Идејното архитектонско решение што треба да се изработи треба да содржи:

- ✓ Анализа на просторот со заклучок како е дојдено до решението.
- ✓ Ситуација во контекст на целината на просторот ( М=1:1000 / М=1:500 )
- ✓ Ситуација ( М:250 ) - секвенци
- ✓ Основи на објектите и предвидените содржини ( М=1:100 )
- ✓ Карактеристични пресеци во доволен број заради подобра техничка интерпретација и разбирливост на решението
- ✓ Сите погледи на предвидените содржини
- ✓ Просторни претстави со непосредното опкружување (фотореалистична презентација во 3D, како и виртуелна анимација за презентација на решението).
- ✓ На просторните модели детално да се интерпретираат применетите материјали
- ✓ Текстуален дел со детален опис на концептот на предложениот дизајн, образложение на идејата на авторот, опис на применетите материјали, начинот на изведба и естетски карактеристики
- ✓ Апроксимативна предмер пресметка за чинење на изведбата

## Правила и услови

Содржината на идејното архитектонско решение задолжително да се придржува на важечкото релевантно законодавство за градежни проекти во земјата и да е во рамките на важечките ГУП и Детални урбанистички планови за градот Кичево.

- ***Обезбедување еднаквост, недискриминација и родова свесност***

При разработката на проектната задача да се имаат предвид аспектите на еднаквост, недискриминација и родова свесност и да се одговори на потребите во однос на безбедноста

и достапноста за сите корисници. Притоа посебно да се земат во предвид потребите на лицата со попреченост.

- ***Критериум и услов за избор на најдобро решение•***

Почитување на програмските барања

- Анализа на просторот
- Издржливост и одржливост
- Оригиналност и репрезентативност на концептот
- Економичност на решението
- Креативност и инвентивност
- Современ третман на просторот
- Читливост на идејата на решението
- Врска на предложеното решение со архитектонскиот контекст
- Задоволување на сите прописи и нормативни акти за проектирање и урбанистичко планирање

Општина Кичево преку доделување на награда за најдобро решение ке изврши откуп на авторските права врз основа на добиените резултати од жири комисија формирана од страна на Градоначалникот.

Наградените и откупени трудови остануваат сопственост на Општина Кичево.

Наградените и откупени трудови можат да се користат во целина или во делови и преку изработка на основен проект ке бидат прилагодени на ситуацијата на теренот односно просторните и технички можности и ограничувања.

Изработиле:
Александра Анаќиоска: Aleksandra Anakjioska

Digitally signed by Aleksandra Anakjioska
DN: cn=Aleksandra Anakjioska gn=Aleksandra c=MK o=OPShTINA KIChEVO ou=VAT - 4012004118718
Reason: I am approving this document
Location:
Date: 2026-02-13 14:04+01:00

Фисник Фејза: Fisnik Fejza

Digitally signed by Fisnik Fejza
DN: cn=Fisnik Fejza gn=Fisnik c=MK o=Opshtina Kichevo ou=VAT - 4012004118718
Reason: I am approving this document
Location:
Date: 2026-02-27 14:23+01:00

Одобрил:
Ристе Лазаровски: RISTE LAZAROVSKI

Digitally signed by RISTE LAZAROVSKI
DN: cn=RISTE LAZAROVSKI gn=RISTE c=MK o=OPShTINA KIChEVO ou=VAT - 4012004118718
Reason: I am the author of this document
Location:
Date: 2026-03-02 10:48+01:00

**ОПШТИНА КИЧЕВО/ KOMUNA E KËRÇOVËS**

**ГРАДОНАЧАЛНИК / KRYETAR,**

Д-р Александар Јовановски

Aleksandar Jovanovski

Digitally signed by Aleksandar Jovanovski
DN: cn=Aleksandar Jovanovski gn=Aleksandar c=MK o=Opshtina Kichevo ou=VAT - 4012004118718
Reason: [illegible]
Location: [illegible]
Date: 2026-03-02 10:51+01:00




P 1:1000

ПЛАНСКИ ОПФАТ




P 1:2000

ПЛАНСКИ ОПФАТ




P 1:1000

ПЛАНСКИ ОПФАТ